Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-590/1-2/2
25.03 20 20 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 26 став 1 точка 16 од Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Кичево, на седницата одржана на ден 25.03. 2020 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Кичево бр.02-1142/1-2/2 од 09.06.2015 година

Член 1

Со овој Деловник се врши изменување и дополнување на Деловникот за работа на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица„ Кичево бр. 02-1142/1-2/2од 09.06.2015 година и тоа:

По Глава 2.НАЧИН НА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР, по точка 2.6. Одложување и прекин на седницата на управниот одбор, се додава нова точка 2.7.Начин на работа на Управниот одбор во состојба на прогласена пандемија и прогласена вонредна и кризна состојба во државата, се додава член 39-а кој гласи :„

член 39-а

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува во состојба на прогласена пандемија и прогласена вонредна и кризна состојба во државата доколку членовите на управниот одбор преку електронска пошта го добиваат материјалот за седница и електронски гласаат за предлог одлуките доставени со електронска пошта до секој член на Управниот одбор.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив по електронска пошта гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

Електронското гласање се врши со едновремено праќање е- маил до претседателот на Управниот одбор, Директорот на ЈП и задолжен јавен службеник од стручните служби на тој начин што претседателот со електронска пошта ги повикува членовите да се изјаснат кој е ЗА или ПРОТИВ предлогот или се ВОЗДРЖУВА од гласање.

При донесување одлуки, секој член на Управниот одбор е должен при гласањето да ги образложи причините за гласањето поединечно, доколку актот за кој се гласа не е донесен едногласно. Поединечно образложените причини за гласањето задолжително се внесуваат во записникот од седницата која се води по електронски пат..

По завршеното електронско гласање претседателот електронски го констатира резултатот од гласањето и истото се внесува во записник.

Член 2

Овој Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица„ Кичево бр. 02-1142/1-2/2 од 09.06.2015 година , влегува во сила со денот на донесувањето.„

25.03.2020 година
Кичево

Претседатен на Управен одбор
Саит Абазоски